СКОПЈЕ

# Со петарди запалена куќа во Кисела Вода – малолетник заврши со лисици во станица

Од Скопје1.мк

Објавено на 24/01/2024



Денеска (24.01.2024) во полициска станица, во присуство на родител, претставник на центарот за социјални работи и адвокат, бил извршен службен разговор со малолетник од Скопје.

Тој се сомничи дека на 23.01.2024 околу 17.00 часот на подрачјето на Кисела Вода, со употреба на пиротехнички средства, предизвикал пожар во куќа сопственост на Б.Т.(70) од Скопје.

Повредени лица нема, а пожарот бил изгаснат од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје.

По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

ПОВРЗАНИ ВЕСТИ ПРЕКУ ОЗНАКИ:










САКАТЕ ДА ГИ ДОБИВАТЕ НАЈНОВИТЕ ВЕСТИ?

ДА, СЕ ПРИДРУЖУВАМ

СÈ ШТО Е НАЈНОВО






Copyright © 2018-2022 Skopje1.mk